Врз основа на член 7 став 1 од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" број 190/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 декември 2020 година, донесе

# О Д Л У К А
## за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2020/1137 на Советот од 30 јули 2020 година за спроведување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија

### Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2020/1137 на Советот од 30 јули 2020 година за спроведување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија.

### Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:

- ембарго на оружје,
- ембарго на стоки и услуги,
- финансиски мерки и
- забрана за влез во Република Северна Македонија .

### Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии - Управата за финансиско разузнавање за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

### Член 4

Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2020/1137 на Советот од 30 јули 2020 година за спроведување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 5

Рестриктивните мерки против Либија се воведуваат на неопределено време.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр.44-10974/1
**1 декември 2020 година**
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев

# COUNCIL IMPLEMENTING DECISION (CFSP) 2020/1137

## of 30 July 2020

## implementing Decision (CFSP) 2015/1333 concerning restrictive measures in view of the situation in Libya

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 31(2) thereof,

Having regard to Council Decision (CFSP) 2015/1333 of 31 July 2015 concerning restrictive measures in view of the situation in Libya, and repealing Decision 2011/137/CFSP [1], and in particular Article 12(2) thereof,

Having regard to the proposal from the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 31 July 2015 the Council adopted Decision (CFSP) 2015/1333.

(2) In accordance with Article 17(2) of Decision (CFSP) 2015/1333, the Council has reviewed the lists of designated persons and entities set out in Annexes II and IV to that Decision.

(3) The Council has concluded that the restrictive measures against all persons and entities in the lists set out in Annexes II and IV to Decision (CFSP) 2015/1333 should be maintained, and that the identifying information for one person should be updated.

(4) Decision (CFSP) 2015/1333 should therefore be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

Annexes II and IV to Decision (CFSP) 2015/1333 are amended in accordance with the Annex to this Decision.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the day following that of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Brussels, 30 July 2020.

*For the Council*

*The President*

M. ROTH

[1] OJ L 206, 1.8.2015, p. 34.

ANNEX

(1) In section A (Persons) of Annex II to Decision (CFSP) 2015/1333, entry 15 is replaced by the following:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| '15. | GHWELL, Khalifa<br>a.k.a. AL GHWEIL, Khalifa<br>AL-GHAWAIL, Khalifa<br>GHAWIL, Khalifa Mohamed | d.o.b. 1 January 1956 or 1 January 1951<br>Place of birth: Misurata, Libya<br>Nationality: Libya<br>Passport: A005465 (Libya), issued 12 April 2015, expired 11 April 2017<br>and<br>J690P666 (Libya), issued 12 June 2016, expires 11 June 2024<br>Gender: male<br>Address: Qasr Ahmed Street, Misurata, Libya | Khalifa Ghwell was the so-called 'Prime Minister and Defence Minister' of the internationally unrecognised General National Congress ('GNC') (also known as the 'National Salvation Government'), and as such was responsible for their activities.<br>On 7 July 2015 Khalifa Ghwell showed his support for the Steadfastness Front (Alsomood), a new military force of 7 brigades to prevent a unity government from forming in Tripoli, by attending the signing ceremony to inaugurate the force with GNC 'President' Nuri Abu Sahmain.<br>As GNC 'Prime Minister', Ghwell has played a central role in obstructing the establishment of the GNA established under the Libya Political Agreement.<br>On 15 January 2016, in his capacity as the Tripoli GNC's 'Prime Minister and Minister of Defence', Ghwell ordered the arrest of any members of the new Security Team, appointed by the Prime Minister Designate of the Government of National Accord, who set foot in Tripoli.<br>On 31 August 2016 he ordered the 'Prime Minister' and the 'Defence Minister' of the 'National Salvation Government' to return to work after the HoR had rejected the GNA. | 1.4.2016'; |

(2) In section A (Persons) of Annex IV to Decision (CFSP) 2015/1333, entry 20 is replaced by the following:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| '20. | GHWELL, Khalifa<br>a.k.a. AL GHWEIL, Khalifa<br>AL-GHAWAIL, Khalifa<br>GHAWIL, Khalifa Mohamed | d.o.b. 1 January 1956 or 1 January 1951<br>Place of birth: Misurata, Libya<br>Nationality: Libya<br>Passport: A005465 (Libya), issued 12 April 2015, expired 11 April 2017<br>and<br>J690P666 (Libya), issued 12 June 2016, expires 11 June 2024<br>Gender: male<br>Address: Qasr Ahmed Street, Misurata, Libya | Khalifa Ghwell was the so-called 'Prime Minister and Defence Minister' of the internationally unrecognised General National Congress ('GNC') (also known as the 'National Salvation Government'), and as such was responsible for their activities.<br>On 7 July 2015 Khalifa Ghwell showed his support for the Steadfastness Front (Alsomood), a new military force of 7 brigades to prevent a unity government from forming in Tripoli, by attending the signing ceremony to inaugurate the force with GNC 'President' Nuri Abu Sahmain.<br>As GNC 'Prime Minister', Ghwell has played a central role in obstructing the establishment of the GNA established under the Libya Political Agreement.<br>On 15 January 2016, in his capacity as the Tripoli GNC's 'Prime Minister and Minister of Defence', Ghwell ordered the arrest of any members of the new Security Team, appointed by the Prime Minister Designate of the Government of National Accord, who set foot in Tripoli.<br>On 31 August 2016 he ordered the 'Prime Minister' and the 'Defence Minister' of the 'National Salvation Government' to return to work after the HoR had rejected the GNA. | 1.4.2016'. |

**ОДЛУКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (ЗНБП) 2020/1137 НА СОВЕТОТ**

**од 30 јули 2020 година**

**за спроведување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската Унија, а особено член 31(2) од истиот,

имајќи ја предвид Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 на Советот од 31 јули 2015 година за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија и за укинување на Одлуката 2011/137/ЗНБП ([1]), а особено член 12(2) од истата,

имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 31 јули 2015 година Советот ја донесе Одлуката (ЗНБП) 2015/1333.

(2) Во согласност со член 17(2) од Одлуката (ЗНБП) 2015/1333, Советот ги прегледа списоците на наведени лица и субјекти утврдени во Анексите II и IV кон таа одлука.

(3) Советот заклучи дека рестриктивните мерки против сите лица и субјекти на списоците утврдени во Анексите II и IV кон Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 треба да се задржат и дека информациите за идентификација за едно лице треба да се ажурираат.

(4) Затоа, Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Анексите II и IV кон Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 се изменети во согласност со анексот кон оваа одлука.

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија*.

Брисел, 30 јули 2020 година.

За Советот

Претседател

М. Рот

[1] Сл. весник L 206, 1.8.2015 година, стр. 34.

АНЕКС

(1) Во оддел А (Лица) од Анекс II кон Одлуката (ЗНБП) 2015/1333, внесот 15 се заменува како што следува:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| „15. | ГХВЕЛ, Калифа познат како АЛ ГХВЕИЛ, Калифа АЛ-ГХАВАИЛ, Калифа ГХАВИЛ, Калифа Мохамед (GHWELL, Khalifa a.k.a. AL GHWEIL, Khalifa AL-GHAWAIL, Khalifa GHAWIL, Khalifa Mohamed) | Датум на раѓање 1 јануари 1956 година или1 јануари 1951 година<br><br>Место на раѓање: Мисурата, Либија Државјанство: Либија<br><br>Пасош: A005465 (Либија), издаден на 12 април 2015 година, со важност до 11 април 2017 година иJ690P666 (Либија), издаден на 12 јуни 2016 година, со важност до 11 јуни 2024 година<br><br>Пол: машки<br><br>Адреса: Улица Qasr Ahmed, Misura-ta, Либија | Калифа Гхвел бил таканаречен „премиер и министер за одбрана“ на меѓународно непризнатиот Генерален национален конгрес („ГНЦ“) (познат и како „Национална влада за спас“), и како таков бил одговорен за нивните активности.<br><br>На 7 јули 2015 година, Калифа Гхвел ја покажал својата поддршка на Фронтот за одлучност (Алсомуд) (Steadfastness Front (Alsomood)), нова воена сила од 7 бригади за да се спречи формирање на влада на единство во Триполи, присуствувајќи на церемонијата на потпишување за инаугурацијата на силите со „претседателот“ на ГНЦ, Нури Абу Шахмаин (Nuri Abu Sahmain).<br><br>Како „премиер“ на ГНЦ, Гхвел имал централна улога во попречувањето на воспоставувањето на ГНА основана според Либискиот политички договор.<br><br>На 15 јануари 2016 година, во својство на „премиер и министер за одбрана“ на ГНЦ во Триполи, Гхвел наредил апсење на сите членови на новиот тим за безбедност, именувани од мандатарот за премиер на Владата на националниот договор, кои ќе влезат во Триполи.<br><br>На 31 август 2016 година им наредил на „премиерот“ и на „министерот за одбрана“ на „Владата за национален спас“ да се вратат на работа откако Претставничкиот дом (HoR) ја отфрлил ГНА. | 1.4.2016’; |

(2) Во оддел А (Лица) од Анекс IV кон Одлуката (ЗНБП) 2015/1333, внесот 20 се заменува како што следува:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| „20. | ГХВЕЛ, Калифа | Датум на раѓање 1 јануари | Калифа Гхвел бил таканаречен „премиер и министер за одбрана“ | 1.4.2016’. |

| | | |
|---|---|---|
| познат како АЛ ГХВЕИЛ, Калифа АЛ-ГХАВАИЛ, Калифа ГХАВИЛ, Калифа Мохамед (GHWELL, Khalifa a.k.a. AL GHWEIL, Khalifa AL-GHAWAIL, Khalifa GHAWIL, Khalifa Mohamed) | 1956 година или 1 јануари 1951 година Место на раѓање: Мисурата, Либија<br><br>Државјанство: Либија<br><br>Пасош: A005465 (Либија), издаден на 12 април 2015 година, со важност до 11 април 2017 година иЈ690Р666 (Либија), издаден на 12 јуни 2016 година, со важност до 11 јуни 2024 година<br><br>Пол: машки<br><br>Адреса: Улица Qasr Ahmed, Misura-ta, Либија | на меѓународно непризнатиот Генерален национален конгрес („ГНЦ“) (познат и како „Национална влада за спас“), и како таков бил одговорен за нивните активности.<br><br>На 7 јули 2015 година, Калифа Гхвел ја покажал својата поддршка на Фронтот за одлучност (Алсомуд) (Steadfastness Front (Alsomood)), нова воена сила од 7 бригади за да се спречи формирање на влада на единство во Триполи, присуствувајќи на церемонијата на потпишување за инаугурацијата на силите со „претседателот“ на ГНЦ, Нури Абу Шахмаин (Nuri Abu Sahmain).<br><br>Како „премиер“ на ГНЦ, Гхвел имал централна улога во попречувањето на воспоставувањето на ГНА основана според Либискиот политички договор.<br><br>На 15 јануари 2016 година, во својство на „премиер и министер за одбрана“ на ГНЦ во Триполи, Гхвел наредил апсење на сите членови на новиот тим за безбедност, именувани од мандатарот за премиер на Владата на националниот договор, кои ќе влезат во Триполи.<br><br>На 31 август 2016 година им наредил на „премиерот“ и на „министерот за одбрана“ на „Владата за национален спас“ да се вратат на работа откако Претставничкиот дом (HoR) ја отфрлил ГНА. |